Димка МИТЕВА

# СВЕЧЕН СОБИР ВО МАНУ ПО ПОВОД НА 40–ГОДИШНИНАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА И ПРАВОПИС

„Литературен збор“, година XXXII (1985), кн. 3, стр. 127–128.
YU ISSN 0024–4791

Кодификацијата на македонската азбука и правопис пред 40 години е плод на континуирани напори на македонскиот народ за докажување на својата самобитност. По тој повод, на 6 јуни 1985 година Македонската академија на науките и уметностите и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје организираа свечен собир на кој присуствуваа видни претставници на нашиот политички, културен и научен живот, меѓу кои и членот на Федерацијата Лазар Колишевски, претседателот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Драгољуб Ставрев и др. Со особени симпатии беше поздравено присуството на познатиот американски писател од македонско потекло Стојан Христов и неговата сопруга.

На Собирот, одржан во свечената сала на МАНУ, настапи академикот **БЛАЖЕ КОНЕСКИ**, со реферат на тема: „Кодификацијата на македонскиот литературен јазик“. Тој потсети на значајните датуми сврзани со македонскиот литературен јазик: 2 август 1944 година, кога на Првото заседание на АСНОМ се донесе решение за заведување на македонскиот јазик како службен во Федерална Македонија во рамките на Демократската Федеративна Југославија; на 5 мај и 7 јуни 1945 година кога се донесени македонската азбука и македонскиот правопис и всушност „беа определени основните норми, беа трасирани основните посоки по кои требаше да се одвива конструктивната работа во изградувањето на

нашиот литературен јазик, во неговото пригодување за оние многубројни и сложени функции што му припаѓаат на еден јазичен стандард во современиот свет“. Понатаму проф. Конески зборуваше за принципите врз кои е извршено нормирањето на македонскиот литературен јазик, подвлекувајќи ја пред сѐ неговата народна основа.

На крајот тој се осврна и на некои јалови обиди за негирање на македонскиот јазик и македонската самобитност, па во врска со тоа рече: „Развивајќи се слободно во југословенската заедница, во која му е и уставно гарантирана рамноправната употреба, нашиот литературен јазик е за сето ова време жестоко напаѓан и негиран од политичките и научните центри на некои балкански земји, поради тоа што тие не можат да се помират ни со националната самостојност – (стр. 127) – на македонскиот народ. Оваа кампања, како што е познато, не е само вербална, ами е придружена со ред конкретни акции, преземани против афирмацијата на македонскиот јазик, литература и култура. Имаме и извесни фази во изборот на аргументацијата против самостојниот развиток на македонскиот литературен јазик. Од измислиците дека тој нема своја основа и историја, дека е создаден поради извесни политички опортунитети и дури диктати, дека е така да се рече измислен, се применува во последниве години кон „теоријата“ дека тој претставува само регионална варијанта на единствениот бугарски јазик. Лесно е да се види дека тој значи само барање на една идеолошка платформа што во погоден момент би можела да послужи за оправдание на укинувањето на статусот на македонскиот литературен јазик што тој го има стекнато и што денеска го ужива имено како самостоен национален јазик. Но најдостојниот одговор ние го даваме тогаш – заклучи проф. Конески – кога знаеме да ги цениме како што треба и да ги штитиме придобивките на јазичното поле од 1945 година, како суштествена компонента на нашиот наципонално-културен развиток...“

Научниот советник Трајко Стаматоски, директор на Инститтт за македонски јазик „Крсте Мсириков“, во својот

реферат „Македонскиот јазик и македонската наука за јазикот“ ги истакна постигањата на македонската наука за јазикот за изминативе 40 години укажувајќи дека таа наука бележи постојан подем благодарејќи и на материјалните услови во образувањето на кадар способен да одговори како на потребите на денот така и на задачите што стојат пред современата славистика. Тој понатаму посочи, по области, некои од поважните постигања на македонските лингвисти што работат на Филолошкиот факултет, во Институтот за македонски јазик, во МАНУ и др.

На крајот, артистите Цветанка Трпкова и Борис Мајсторов рецитираа мошне успешно творби од Константин Миладинов, Крсте Мисирков, Кочо Рацин и Ацо Шопов.

Четириесеттата година од донесувањето на македонската азбука и правопис претставува за нас настан од извонредно значење во чиешто одбележување во другите наши места ќе земат активно учество друштвата за македонски јазик и литеартура. – (стр. 128)